Даниела Јаневска - член;
- Експерт за родова еднаквост
Елена Грозданова - член.

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение, престанува да важи Решението за именување на членови на Интер - ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/17 и 60/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 177/19, 108/21, 206/22 и 201/23).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-5593/14
19 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

**3756.**

Врз основа на членот 30 став 3 од Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21, 147/24 и 156/25), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ НА МЕРИЛА, ПОСТАПКАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕТО НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ, ЗАДАЧИТЕ НА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ И ОЦЕНАТА НА ИСПОЛНЕТОСТА НА БАРАЊАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за дополнителните услови за верификација на одредени видови на мерила, постапката за овластувањето на правното лице, задачите на овластеното правно лице и оцената на исполнетоста на барањата за овластување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/22 и 220/22), во член 2 во ставот 1 алинејата 2 се менува и гласи:

„- има вработено најмалку пет лица во редовен работен однос, со полно работно време, со високо образование од области на техничко-технолошките науки, ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, технички компетентни, од кои три лица да имаат најмалку пет години работно искуство во областа на метрологијата, за која се бара овластување,“.

Член 2

Во член 4 ставот 1 се менува и гласи:

„По приемот на барањето за овластување на правното лице за верификација на одредени видови на мерила, Стручната комисија формирана од страна на Бирото за метрологија, го разгледува барањето со приложената документација, врши надзор на лице место (доколку

приложената документација е соодветна и ги исполнува барањата од членовите 2 и 3 од овој правилник) кај подносителот на барањето и изготвува мислење дали барателот ги исполнува условите за добивање на овластување за вршење на верификација, во рок не подолг од 90 дена од приемот на барањето.".

Член 3

Во членот 5 зборот „економија" се заменува со зборовите „енергетика, рударство и минерални суровини".

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 19-494/6
19 август 2025 година
Скопје

Министер
за енергетика, рударство и
минерални суровини
**Сања Божиновска,** с.р.